**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 март 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевск претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници.

Ја отворам 106-та седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и шефовите на странските дипломатско конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и од ваше име да ги поздравам присутните гости.

Имам особена чест и задоволство од името на Собранието на Република Македонија и од свое лично име да го поздравам меѓу нас претседателот на Саборот на Република Хрватска господин Лука Бебиќ, како и пратениците господин Силвано Крења, и господин Петар Селев.

(Аплауз)

Почитуван претседателе на Саборот на Република Хрватска господин Лука Бебиќ, ве повикувам да се обратите на Собранието на Република Македонија, повелете.

**Лука Бебиќ:** Почитуван господин претседател на Собранието, почитувани пратенички и пратеници на Собранието, уважени гости.

Особено задоволство ни е да ви се обратам од говорницата на највисокото демократско и законодавно тело на Република Македонија, земјата која со Република Хрватска ја врзуваат трајни пријателства на нашите народи, длабоки историски и културни врски како и идентични стратешки цели во овие денешни сеуште предизвикувачки времиња.

Одличните односи на нашите држави кои се гледаат врз сестрана соработка на сите полиња, и на кои нашите собранија им даваат особено значањен придонес во Хрватска го гледаме како заедничко вложување не само во нашите взаемни односи, туку и во така потребна стабилизација на состојбите и јакнењето на состојбите во Југоистокот на Европа.

Нашите цврсти определувања за полноправно членство во Европската унија и во атланскиот сојз во тој поглед исто така се дел од нашата идентична стратегија. Стратегија која што се темели на доследна изградба на стабилни демократски општества, демократски општества на слободен пазар и на владеење на правото, системи што ќе бидат дел од слободен демократски свет и нова заедничка неподелена Европа. Со тоа ги оствaруваме и историските тежнение на нашите народи и граѓани, нашите земји.

Во односите на Република Хрватска и Република Македонија да се споменува историјата значи пред се да се остане свесен за огромни тешкотии и предизвици со кои нашите народи се соочуваа во борбата за идентитетот, слободата и независноста. Таа тешка историја не научи на издржливост, но исто така не забрзува во современи услови да ги спроведуваме потребните реформи за да можеме трајно да ги натераме, усидриме нашите земји во Евроатланската заедница на мирот, на безбедноста, на соработката и на економскиот напредок.

Таа историја истовремено не упатува и на повеќе современи поврзници. Ќе споменам само еден пример посредно поврзан со мојот крај во Хрватска, со Далмација. Да се присетиме заедно на стариот римски пат Виа Игнација, тој голем, таа голема прва европска магистрала која порзуваше два краја на римското царство, долж која се сместени повеќето денешни македонски градови и која допира до хрватското крајбрежје, до Дубровник, понатаму преку хрватските пристаништа Задар, Нин и други. Тогаш го спојуваше најголемото европско царство.

Денес би зборувале за поврзувањето и изградбата на патната инфраструктура, за Јадранско Јонската магистрала, за соработката и поврзувањето во енергетиката, во превозот, во регионалните развојни проекти, накратко за спојувањето и за поврзувањето.

На денешниот единствен европски простор нашите две држави токму поради искуствата од историјата и токму поради досегашните достигнување во долгогодишни пријателски односи можат на таквата политика на поврзување да и дадат значаен придонес. Токму таквата политика може да биде најважна врска на трајниот мир и развитокот на нашиот дел на Европа за доброто на нашите граѓани.

Ќе споменам и тоа, постои книга на таткото на хрватската историографија Иван Муциќ, трогиранин, каде што ги опишува бројните примери на сорајботка помеѓу жителите на просторите на нашите земји токму во тие далечни римски времиња кога на многу начини се поставени темели на нашите одлични културолошки врски, кога започна да се гради пријателството меѓу народите и кога етичката измешаност, така значајна и така чувствителна на овие простори во примерите на Република Хрватска и Република Македонија доведува до одлични односи токму наспроти националните заедници на хрватите и македонците во нашите држави.

Една од неизбришливите врски е делото на македонскиот писател Кочо Рацин, чие што најпознато дело “Бели Мугри” беше објавено во Загреб 1939 година, значи идната година ќе бидат 70 години.

Во најново време овие две држави на најдобар начин со песна ги поврза и трагично загинатиот македонски пеач Тоше Проески.

Неодамна потврда на спогодбата за правата и заштитата на националните заедници, Хрвати во Македонија и Македонци во Хрватска сосема е јасен знак на нашето цврсто заедничко определување, националните заедници секогаш да можат и да треба да бидат мост на соработка.

Особено ми е драго и лично сум мошне задоволен што и Хрватското Собрание минатиот петок едногласно ја ратификувало оваа спогодба. Спогодбата е пример како со взаемно уважување и разбирање можат да се регулираат односите на така чувствителни прашања, како што е заштитата на малцинствата, иако по број мали малцинства, малцински заедници во двете заедници сепак уследи спогодбата која ги поставува стандардите во можностите за изразување на нацонална и верска припадност на малцинските заедници. Во нашиот дел на Европа тоа е од особена важност и поради тоа сакам од ова место да им се заблагодарам на македонските институции на поддршката и на обезбедувањето на соодветна положба на хрватите во Македонија.

Македонската заедница во Хрватска веќе е особено активна и на многу начини е вклучена во Хрватскиот општествен живот.

Во тој поглед исто така ќе продолжи да ја ужива нашата полна поддршка.

Ги спомнав нашите идентични стратешки цели во остварувањето на нашите надворешно политички приоритети. Сакаме Хрватска и Република Македонија да ги видиме како полноправни членки на Европската унија и НАТО сојузот.

Хрватскиот Сабор на тој пат исто така дава свој придонес. Со забрзано работење на усогласувањето на хрватското законодавство со европското востановени се органи кои во Хрватскиот Парламент го наѕираат и го контролираат целиот процес на пристапувањето, како што е национален одбор за следење на преговорите. Во него седат претставниците на сите политички опции. На тој начин направен е голем чекор нанапред во смисла на олеснувањето на работата на Владата во спроведувањето на сеопфатните реформи.

Цел ни е да ги завршиме преговорите до половината на следната 2009 година. Во тоа имаме поддршка и од европските институции особено од европскиот парламент.

Исто така, сме свесни дека брзината на нашето влегување во Европската унија во најголем дел ќе зависи од нашата ефикасност во натамошното спроведување на реформите, за да можеме да го забрзаме процесот на интеграциите во Хрватскиот сабор создадовме механизми за забрзано донесување на законите што е потребно да се усогласат или да се донесат во согласност со стандардите на Европската унија.

Спроведување на обемни општествени реформи, борба против корупцијата, против организираниот криминал, реформата на правосудството особено бараат внимание и претставуваат болни зафати во сите држави кои што тежнеат кон вклучувањето во европското семејство на држави и народи. Меѓутоа, друг пат немаме. Како држава во преговори за членство во унија, Хрватска ќе продолжи силно да ја подржува Република Македонија со статус на земја кандидат исто така да ги отвори преговорите со Европската унија. Според нас со потребна брзина и сеобемност на реформите, преговорите за членство во унија може да бидат дополнителен поттик, не само за државните институции, туку и на општеството во целина со посебен стабилизациски ефект и насочување на енергијата на државата во повисоките цели на развитокот. На тој пат кон Европската унија ќе продолжиме заедно да се подржуваме и да се помагаме. Хрватска ќе продожи да ги помага подготовките на македонските институции за преговори и ќе се залага за што побрзо утврдување на датумот за започнување на преговори за членство во Европската унија.

На подеднаков начин ја гледаме нашата соработка во остварувањето на втората најважна стратешка цел која ја споделуваат нашите земји. Тоа е членството во НАТО засновано на индивидуалните постигнувања на нашите земји во потребните реформи на одбрамбениот и безбедносниот сектор и нив ги гледам како полна гаранција за безбедноста и сигурноста не само на нашите земји, туку и на поширокито просотр на Југоистокот на Европа. Го гледам тоа членство и истовремено како рамка чии рамки ќе ги споделуваме истите вредности, слободи и демократија, човекови права, владеење на правото, вредностите кои се судбински важни за севкупниот напредок на нашите друштва за нашата свртеност кон иднината на мирот и благосостојбата за бегање од минатото, кое е обележано со непотребни предрасуди. Таков поглед во иднина веќе е можно да се овозможи на Хрватска и на Македонија на овој начин да и пристапуваат на многуте прашања од актуелните меѓународни односи и кога е збор за НАТО и светскиот мир да дадат свој придонес на мировните мисии и на општото уцврстување на демократијата, на мирот во светот. Убеден сум дека на таквите определби и достигнувања во спроведените реформи со сигурност можеме да гоочекуваме скорешниот состанок на НАТО во Букурешт. Во Хрватска сме убедени дека за само неколку дена повикот за членство во НАТО дополнително ќе ја зацврсти нашата меѓународна положба и ќе го забрза нашето севкупно вклучување во евроатланските процеси.

Врз основа на досегашната соработка и уверени во пошироките придобивки од проширувањето на Европската унија, ја подржуваме Република Македонија во тој поглед. Верувам дека повикот за членство во НАТО и во македонското општество може да биде прифатено и

препознато како дополнителен поттик за понатамошен напредок.

На почетокот ги спомнав предизвикувачките времиња. Нема никакво сомневање дека просторот што го споделуваме е просторот на Југоисточна Европа. Во изминатите две децении помина низ еден најтежок период во својата историја. Војни, промашени политики, недовршени транзиции, општества во фрустрации и неизвесности, генерации обележани со потрага по новиот идентитет, сето тоа остави длабоки траги и сеуште го обележува не само политичкиот, туку и духовниот живот на нашите општества. Помеѓу останатото на политичко ниво, тоа никаде не е поочигледно, отколку во парламентите. До толку повеќе улогата на Парламентот ја гледам како особено важна, не само во законодавната промена на системите и подготовките за членство во Европската унија, туку и на севкупната стабилизација на општеството на новите основи и на новите вредности.

Истовремено, присутни се предизвици од директна политичка природа. За стабилизирање на состојбите во Југоистокот на Европа последните години на кои токму свртеноста кон евроатланските интеграции му даде значаен поттик, денес уште повеќе сме соочени со завршувањето на трајната безбедносна архитектура на овој дел на Европа. Процесите што траjат, вклучувајки го неодамнешното усвојување на Декларацијата за независност на Косово и развојот на политичките и демократските состојби потоа јасно сведочат дека е потребно уште многу одмереност, подготвеност за дијалог и компромис. Солидарноста, зацврстување на демократските стабилности и проевропски стратешки ориентации на целиот Југоисток на Европа, со потпирање на далекусежна визија на трајниот интерес на државите и народите од овие простори.

Дами и господа, Република Хрватска и Република Македонија ја делат токму таквата европска визија и на таа основа ќе ја продолжиме нашата соработка и нашиот придонес на воспоставување на трајниот мир и регионална соработка.

Нова спогодба за слободна трговија и ново воспоставен совет за регионална соработка во Југоисточна Европа ги гледам како два клучни столба, како два носители на токму таквата политика. Факт е дека евроатланската интеграција токму на тие инструменти во новиот ЦЕФТА и СЦП ги гледа своите главни партнери и потпори на соработките и нашите напори.

Соработката на нашите парламенти останува многу важна врска на вкупните политички односи на нашите две земји. Работата на парламентарните клубови на хрватско-македонското пријателство, средби на парламентарните комисии, посебно оние за европски прашања и надворешна политика, сакаме и понатаму да ги развиваме и да ги зацврстуваме. Цврсто сум уверен дека со тоа го шириме просторот на нашата севкупна соработка и дека можеби, што е најважно, со тоа го одразуваме токму оној дух на пријателство кој трајно ги обележува односите на Хрватска и Македонија. Во тој дух убеден сум дека нашите две држави во скора иднина ќе ги остварат своите најважни цели, ќе го обезбедиме мирот, безбедноста и условите за развој на нашите економии и другите потенцијали за доброто на нашите народи и граѓани.

Моја желба е се она што не спојува и што не поврзува уште да продолжи поцврсто и понепосредно да не поврзува и утре во големото европско семејство на држави и народи.

Ви благодарам на вашето внимание.

(Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Почитуван претседателе на Република Хрватска, господин Лука Бебиќ, ви благодарам за вашето обраќање.

Ја заклучувам 106-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 11,37 часот)